# ДА УЧИМЕ ОД УМОВИТЕ ВО РИЗНИЦАТА НА ПИШАНИОТ ЗБОР

**Иако е рано за пофалби и критики, сепак директорувањето на Филип Петровски во библиотеката "Браќа Миладиновци" донесе нов позитивистички бран, кој резултира со низа културни и едукативни активности. За новото директорување, активностите и идните проекти разговараме со човекот кој добро го познава лицето и опачината на пишаниот збор, но што е најважно, знае да го пренесе на суптилен, ненаметлив и продуктивен начин.**




Градската библиотека "Браќа Миладиновци" повторно потсетува на старите добри времиња, кога читателите беа "гладни" за книги, кога побарувачката беше на завидно ниво и кога книгата беше третирана како реликвија... На што се должи ваквата состојба?

**ПЕТРОВСКИ:** Како што беше најавено во програмата која ја објавив со моето доаѓање во Градската библиотека "Браќа Миладиновци", веднаш презедовме мерки за промена на нашиот однос кон работата. Имено, подолг период библиотеката се наоѓаше на маргините на сите градски случувања и немавме слушнато за било каква активност, која ќе го задржеше нашето внимание. Дури многу наши сограѓани често изјавуваа дека не им е познато каде таа или нејзините клонови се наоѓаат и воопшто што е содржината на нашите активности. Сè тоа покажа дека ни е потребна промена на начинот на комуникација со широката публика. Резултат на тоа беше зголемен број јавни настани, за кои јавно се упатуваше покана до сите заинтересирани граѓани. Луѓето едноставно почнаа да се враќаат во библиотеките. Мојата лична оценка е дека тоа е добро затоа што сметам дека нема друг начин за формирање комплетна и здрава личност освен преку учење и континуирано читање, односно консултирање на релевантни наслови.

Разговорот го водеше:
**Ружица ГОЧЕВСКА**



Втора многу значајна активност од овој период е набавката на повеќе од 15.000 книги, со кои значајно се промени сликата на нашите пултови. Значајна е и бројката на донирани книги, кои ги има речиси колку и набавените. Сè тоа нè прави релевантни и во можност да одговориме и на најсофистицираните барања на читателите. Со оглед на тоа дека добриот глас далеку се слуша, бројот на членовите почна да се зголемува. Компарирањето на бројките за нови членови, но и за издадени книги со претходните години укажува дека секој месец процентите се меѓу 15 и 20 во нагорна линија.

Вистински човек на вистинско место. Вака беше опишано Вашето доаѓање во храмот на убавиот збор. Дали со оваа функција господинот Петровски индиректно ќе ја негува својата пасија кон книгите, а истовремено ќе ја пренесува и препорачува нивната моќ?

**ПЕТРОВСКИ:** Тоа е моја секојдневна активност и определба. Со таа намера и дојдов во библиотеката. Страста, пасијата кон книгите е нешто што најмногу ме определува и претставува дел од мојот постојан ангажман. И мојата домашна библиотека е со значаен број книги, но и со ретки наслови... Задоволството е големо. Во шега моите пријатели ангажманот го опишуваат како 24 часа живот меѓу книгите. Ако смеам да дадам совет кој произлегува од ова искуство, тоа секако ќе биде дека услов без кој не се може е учење од книгите. Преку нив имаме можност бесплатно да се дружиме со најголемите умови на нашата цивилизација и раса. Да ја чувствуваме нивната инспирација и да се напојуваме со силата на знаењето, задоволството од напредокот кој е постигнат со големи интелектуални напори и жртви.

Последниве неколку месеци најразлични културни манифестации, од промоции до симпозиуми, се одржуваат под покровителство на библиотеката "Браќа Миладиновци"... Што посебно би истакнале од богатата културна лепеза?

**ПЕТРОВСКИ:** Во нашата намера да ѝ ја приближиме библиотеката на пошироката читателска публика се определивме да ја рашириме лепезата на активностите. Организиравме промоции на книги, изложби, концерти, трибини... Резултат на тоа беше зголемениот интерес за библиотеката на лица од различни возрасти и области. Задоволство е да се види таа потврда на нашата активност, кога од минувач на улица ќе слушнам коментар дека нешто се случува во Градската библиотека и дека знаат оти имаме нови наслови или знаат која годишнина деновиве била одбележана кај нас.

Посебен новитет во библиотеката е Интернет-страницата www.gbiblsk.edu.mk на која читателите можат да читаат литература која претставува вистински раритет во библиотечниот фонд воопшто во Македонија...

**ПЕТРОВСКИ:** Ова е уште еден наш нов проект. За мене тоа е проект кој треба по секоја цена да се подигне на национално ниво. Имено, ако ние како библиотека сме во позиција да ја направиме достапна во електронска форма нашата ризница на знаење, нашето наследство кое е големо, тогаш сме успешни. Од моето дипломатско искуство знам дека Македонците по светот имаат пород, генерации кои поради различни причини се далеку од дома и копнеат по татковината, но не се во можност секогаш да бидат блиску до неа. Токму тука е насочена мојата активност. Настојувам да ги дигитализираме нашите најрелевантни писатели и дела и да ги направам достапни со еден клик на тастатурата. Производот на тоа деновиве се наоѓа на нашиот сајт, кој го наведовте. Со задоволство ги поканувам сите читатели да го посетат т.е. да го посетуваат редовно и бесплатно да ги преземаат дигитализираните книги, кои секојдневно се сè повеќе. Истовремено ќе можат да се информираат и за сите новини во библиотеката, а и да бидат во директен контакт со нас.

Издавачката дејност е во криза, а потврда за тоа е големиот наплив на т.н. "сапунска" литература, која зема голем замав врз кревката читателска публика... Вашиот коментар?

**ПЕТРОВСКИ:** Да, има наплив на неквалитетни наслови. И тоа голем. Сепак мислам дека издаваштвото полека излегува од криза. Слободната конкуренција го прави своето. Внимателниот читател сега е во можност меѓу многуте нови наслови да најде интересни четива. Така што мислам дека пазарот на книги во Македонија станува значаен елемент во духовниот развој на нашата нација. Показателите се позитивни. Но, повторувам дека треба да се биде пребирлив и да се знае што се сака.

Каква соработка имате воспоставено со другите библиотеки и колку таа соработка планирате да ја пласирате и да ја проширите на интернационално ниво?

**ПЕТРОВСКИ:** Соработката со другите библиотеки е значајна. Таа е со сè поголем обем и дава резултати, особено во доменот на размена на искуства и во дефинирањето на трендовите, како и сфаќањето на потребите на читателската публика. Тоа и како е потребно, затоа што сметам дека оваа институција мора да учествува во креирањето на мислењето во оваа сфера од културата.


